РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Бр. 07-4525/1
02.07.2007
Скопје

02.07.2007

1510 538/1

**ДО ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

Предмет: Информација

Министерството за правда постапувајќи по ревизорските наоди за проектот за набавка на компјутерска опрема EuropaAid/112995/D/S/MK за зголемување на компјутерските капацитети на органите на судскиот систем на Република Македонија во делот каде што се однесува на Министерството за правда по однос на ревизорските наодите кои се изнесени во предходниот ревизорски извештај за извршената ревизија на успешност ги доставува следниве забелешки и превземени активности.

**Ревизорски наоди**

**Превземени активности**

Министерството за правда по однос на искажаните ревизорски забелешки кои се однесуваат на немањето воспоставен систем за евиденција и чување на документите кои се однесуваат на планирани реализирани активности за проектот за Реформи на јавната администрација ги здолжи проект менаџерите кои биле овластени од страна на Министерството за ја комплетираат целокупната документација и истата содветно да ја архивираат.

Забелешката која се однесува на немање пишани процедури и не се практикува примопредавањето на документацијата е точна и во тек е превземање на активности кои со пишани процедури ќе се регулира текот на документацијата и нејзиното примопредавање доколку има промена на проект менаџерот.

Со решение на Министерот за правда се формирани комисии и тоа;

1. Комисија за попис на средства и обврски на Министерството за правда за 2006 година.
2. Комисија за внатрешна евиденција за користење за недвижни и движни ствари

Што се однесува на забелешките за архивирањето на документацијата за проекти поврзани од ЕУ во Министерството за правда ќе се превземат активности за нејзино целосно комплетирање и архивирање на соодветно место.

По однос на третиот ревизорски наод Министерството за правда во кординација со Јавното обвинителство на Република Македонија и Апелационите и Основните Судови во Република Македонија превзеде активности за проверка на сметководствената евиденција за проекти кои се поврзани со Министерството за правда, односно дали сметководствено се вовенени во нивната евиденција по кои решенија и по кој Проект.

Забелешките кои се прикажани во петиот наод за Министерството за правда за компјутерската опрема која се наоѓа во ходниците на Министерството истите се сервисираат и се предаваат на подрачните оделенија на Министерството за правда за кои се водат посебни реверси за задолжување од кои неколку примероци во копиа ви доставуваме и вас во прилог .

Министерството за правда исто така превзема активности за воведување на интерни акти и пишани процедури за текот на документацијата која се доставува до Министерството за правда.

Со почит,

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**

**Михајло Маневски**